**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.4401-17/57

З А П И С Н И К
од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 26 и 27 мај 2020 година

Скопје, мај 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 и 27 мај 2020 година

Седницата се водеше во два дела.

Првиот дел од седницата што се одржа на 26 мај 2020 година преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:25 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатршни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу

заедниците, Садула Дураки, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија.

Овој дел од седницата заврши во 20:45 часот.

*

*　　　*

Вториот дел од седницата што се одржа на 27 мај 2020 година преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Санела Шкријељ, дополнителен заменик на министерот за труд и социјална политика, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р

Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Педесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 мај 2020 година

2. Записник од Педесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 26 мај 2020 година

3. Годишна сметка и Извештај за работењето на ЈП „Студенчица“ Кичево за 2019 година, со Извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2019 година, со предлог - одлуки

4. Програма за изменување на Инвестициона програма за 2020 година и План за изменување на Финансиски план за 2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со Предлог-одлука

5. Годишен извештај за работење на ЈПВ Лисиче-Велес за 2019 година и Годишна сметка на ЈПВ Лисиче-Велес за 2019 година, со Извештај на независниот ревизор и финансиските извештаи на ЈПВ Лисиче-Велес за годината која завршува на 31.12.2019 година и предлог - одлуки

6. Програма за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2020 година на ЈП „Национални шуми” – п.о. – Скопје, со Предлог - одлука

7. Измена на Годишната програма за работа и развој на ЈП Национална радиодифузија-Скопје за 2020 година, со Предлог - одлука

8. Програма за изменување на Годишната инвестициона програмата за 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН” -Скопје и Финансиски план за 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН” -Скопје, со Предлог - одлука

9. Информација за потребата за ослободување од обврската за плаќање на ДДВ од Проектот набавка на КПГ автобуси финансирани со заем од ЕБОР, со Предлог - уредба со законска сила

10. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.1)

11. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.2)

12. Информација за донесување на Правилник за отстапување од посебните мерки за хигиена за малите бизниси, начинот и барањата кои треба да се исполнат при директно снабдување со храна од страна на производител до краен потрошувач, условите за просториите, материјалите, инструментите и опремата во објектите кои произведуваат како и начинот на производство на храна со традиционални карактеристики, со Предлог - одлука за давање согласност

13. Информација за воспоставување на електронската платформа за регистрирање на фирма, регистрација за ДДВ цели и регистрирање на вработени, со Акциски план на активности и рокови за реализација

14. Предлог - одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско – Струмица

15. Информација со Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од Ковид-19, со Предлог - одлука

16. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за заемна заштита на разменетите класифицирани информации

17. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (возило и алат)

18. Барање согласност за расходување на движни ствари, кои се застарени и неупотребливи за понатамошна употреба, со Предлог - одлука за давање согласност

19. Предлог - уредба со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги

20. Предлог - уредба со законска сила за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија

21. Информација за преземените и планираните активности за реализација на заклучоци на Владата на Република Северна Македонија донесени на 44-та седница одржана на 18.04.2020 година

22. Информација за потпишување на Спогодба меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за фитосанитарна соработка

23. Информација во врска со состојбата со концесиите во околината на село Лабуништа, Општина Струга, со предлог - одлуки

24. Информација во врска со состојбата со концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с.Долно Коњаре“, со Предлог - одлука

25. Информација за потребата од издавање на Писмо без приговор за Предлог-проекти за формирање на регионален еквити климатски фонд и Техничка помош за воспоставување на фондот преку Зелениот климатски фонд

26. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан

27. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/20 на Советот од 13 јануари 2020 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2,3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП)2019/1341 на Советот од 8 август 2019 година

28. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/117 на Советот од 27 јануари 2020 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Тунис

29. Барање на Бинназ Сарач - Адемоска за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

30. Барање на Ајтен Сарач - Шентурк (Адемоска), за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

31. Информација за зголемување на фискалната транспарентност поврзана со кризата КОВИД - 19

32. Предлог - уредба со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба

33. Предлог - уредба со законска сила за финансиска поддршка на уметници и други физички лица кои вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна состојба

34. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба

35. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.7/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), функционалноста и начинот на користење на информацискиот систем за градежно земјиште бр.42-7874/1 од 26.10.2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр.198/2016)

36. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.21624 за КО Кучково на КП бр.4049 викано место/улица Бунариште

37. Понуда од нотар Анита Цветановска од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2019 за КО Младо Нагоричане

38. Кадровски прашања

39. Прашања и предлози

40. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерството за финансии за сметка на основен буџет (637), сметка на основен буџет (631) и сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)

41. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на институционални капацитети на единките корисници на судска власт за реализација на надлежностите, за период 2016-2018 година

42. Тромесечен извештај за финансиското работење на ЈПВ Лисиче-Велес, за јануари - март 2020 година

43. Известување на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за април 2020 година

44. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија за 2017 година

45. Информација за здравствена состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2019 година

46. Информација во врска со примената на Законот за прекршоците

47. Годишен извештај за 2019 година на Национален координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал–Биро за јавна безбедност

48. Предлог - уредба со законска сила за ограничување на собирање во групи за време на вонредна состојба

49. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за возила за време на вонредна состојба

50. Информација за вработување во следниве институции: 1. НУ Охридско лето - Охрид 2. НУ Центар за култура - Битола 3. ЈУ Универзална сала - Скопје 4. ОУ Дом на културата Злетовски рудар - Пробиштип 5. ЈОУ Градска библиотека Борка Талески - Прилеп

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Педесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 мај 2020 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа Записникот од Педесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 26 мај 2020 година го усвои и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Од 27 мај 2020 година се укинува забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, односно во членот 1 се бришат точките 1 и 2.

2. Почнувајќи од 28 мај 2020 година може да отпочнат со работа угостителските објекти во Република Северна Македонија, со посетители, во отворените делови на овие објекти (тераси) согласно протоколот подготвен од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, за оваа фаза.

Во наредна фаза на намалување на рестриктивните мерки ќе биде опфатен и начинот и условите на работа во затворените делови во угостителските објекти.

Согласно ова Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Оваа одлука е донесена со еден глас против.

3. Во однос на Заклучокот под реден број 3 од Записникот, истиот го измени во насока почнувајќи од 1 јуни 2020 година да престане да важи заклучокот под реден број 2 по Точка 1 од Триесет и шестата седница на Владата, одржана на 6 април 2020 година, односно сите вработени лица кои работат во органите на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, како и во единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, на подрачјето на градот Скопје, да го нормализираат своето работење со непречено извршување на работните активности, односно сите лица кои живеат надвор од подрачјето на градот Скопје, а беа упатени на задолжителна работа од дома да се вратат на своите работни места.

Воедно, престанува да важи и Заклучокот од Деветнаесеттата седница на Владата, одржана на 14 март 2020 година со кој сите работодавачи во Република Северна Македонија, односно секое раководно лице во институциите, во зависност од типот на работата и можностите можеше да ја организира работата и начинот на работата на вработените лица, преку работа од дома (ротации/дежурства) со цел непречено и редовно функционирање на институциите.

4. Мерките и препораките на Владата кои се однесуваат на ослободените лица од работа и работни активности согласно нивната здравствена состојба (хронично болни лица), како и мерките на Владата кои се однесуваат на ослободени родители на малолетно дете со навршена возраст до 10 години за кого е неопходна домашна грижа и бремените жени, продолжуваат да важат.

За оваа цел Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да подготви соодветен протокол за работа, дејствување и однесување на работно

место во кој ќе бидат опфатени просторните услови, растојанието и носењето на лична заштитна опрема.

5. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за надворешни работи да остварат контакти со земјите од регионот и пошироко, во врска со отворањето на границите на Република Северна Македонија и двата аеродроми со цел прецизирање на точниот период, начинот и условите на работа и за истото да доставaт комплетен предлог до Владата.

6. Го разгледа и прифати Протоколот за изменување и дополнување на Протоколот за влез во Република Северна Македонија на странски дипломати акредитирани во земјата и членови на нивните семејства.

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2019 година, со Извештајот на независниот ревизор за Финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2019 година, со предлог – одлуки, ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2019 година, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи надлежните органи на претпријатието да преземат мерки за наплата на ненаплатените побарувања, како и да се има предвид извештајот на независниот ревизор што е приложен кон материјалот во однос на прашањето за неевидентирање на основната главнина, за што надлежните органи на претпријатието потребно е да ја информираат Владата за преземените активности за евидентирање на основната главнина на претпријатието во Централниот регистар.

**Точка 4**

Владата по Програмата за изменување на Инвестиционата програма за 2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево и Планот за изменување на Финансиски план за 2020 година, со Предлог-одлука и со дополнување, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Инвестиционата програма за 2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата по Годишниот извештај за работење на ЈПВ Лисиче-Велес за 2019 година и Годишната сметка на ЈПВ Лисиче-Велес за 2019 година, со Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи на ЈПВ Лисиче-Велес за годината која завршува на 31.12.2019 година, со предлог-одлуки ги донесе:

-новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2019 година, во предложениот текст и

-новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2019 година на ЈПВ Лисиче-Велес, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата во мислењата на:

- Министерството за животна средина и просторно планирање - да се преземат соодветни мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските кои се настанати во изминатиот период, како и подобрување на наплатата на побарувањата и

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - да се постапи согласно препораките на независниот ревизор.

**Точка 6**

Владата по Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2020 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" – п.о. – Скопје, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2020 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" –п.о.– Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата по Измената на Годишната програма за работа и развој на ЈП Македонска радиодифузија - Скопје за 2020 година, со Предлог-одлука, со дополнување, ја донесе Одлуката за давање согласност за измена на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата по Програмата за изменување на Годишната инвестициона програмата за 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН" - Скопје и Финансискиот план за 2020 година

на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН" -Скопје, со Предлог – одлука, со дополнувањето, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програмата за 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН" – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата за ослободување од обврската за плаќање на ДДВ од Проектот-Набавка на КПГ автобуси, финансиран со заем од ЕБОР, со Предлог-уредба со законска сила за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем за финансирање на набавката на нови автобуси за Град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, поради потребата во текот на утрешниот ден (27.5.2020 година) да се одржи работна средба на претседателот на Владата на Република Северна Македонија со директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, министерот за финансии и претставник од Секретаријатот за законодавство, на која ќе се изнајде трајно и законско решение на барањето на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19, со Прилог Список бр.1, ја усвои Информацијата и ја задолжи Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да склучи договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат критериумите во Јавниот повик бр.1, за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови од странска помош со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19, наведени во Список бр.1, прилог кон Информацијата.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.2), ја усвои и ја задолжи Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да склучи договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат критериумите во Јавниот повик бр.1, наведени во Список бр.2.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на Правилник за отстапување од посебните мерки за хигиена за малите бизниси, начинот и барањата кои треба да се исполнат при директно снабдување со храна од страна на производител до краен потрошувач, условите за просториите, материјалите, инструментите и опремата во објектите кои произведуваат како и начинот на производство на храна со традиционални карактеристики, со Предлог - одлука за давање согласност, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за отстапување од посебните мерки за хигиена за малите бизниси, начинот и барањата кои треба да се исполнат при директно снабдување со храна од страна на производител до краен потрошувач, условите за просториите, материјалите, инструментите и опремата во објектите кои произведуваат како и начинот на производство на храна со традиционални карактеристики (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за воспоставување на електронската платформа за регистрирање на фирма, регистрација за ДДВ цели и регистрирање на вработени, со Акциски план на активности и рокови за реализација, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Управата за јавни приходи да ја преиспитаат можноста за ДДВ бројот што ќе биде содржан во решението за основање на субјект, а ќе се издава преку Заедничката платформа за отпочнување на бизнис да стане веднаш оперативен и за тоа да ја извести Владата до крајот на јуни 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија да ја разгледа можноста за промена на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица заради обезбедување на можноста покрај овластените лица да може во работен однос да се пријавуваат и основачите на субјектите и за тоа да ја извести Владата на Република Северна Македонија до крајот на јуни 2020 година.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско – Струмица (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од Ковид-19, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на

Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од COVID-19, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за заемна заштита на разменетите класифицирани информации, со нацрт – текст на Договор за заемна заштита на разменетите класифицирани информации и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт - текстот на Договорот за заемна заштита на разменетите класифицирани информации, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот и членовите на делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за заемна заштита на разменетите класифицирани информации.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за заемна заштита на разменетите класифицирани информации, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот текст на Договорот.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа Барањето на ЈУ Специјален завод - Демир Капија согласност за расходување на движни ствари, кои се застарени и неупотребливи за понатамошна употреба, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата согласно прифатливите забелешки изнесени во расправата на седницата.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 21**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за преземените и планираните активности за реализација на заклучоци на Владата на Република Северна Македонија донесени на 44-та седница одржана на 18.04.2020 година и ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација да продолжат со активностите содржани во оваа информација за реализација на заклучоците донесени на 44-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 18 април 2020 година.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за фитосанитарна соработка (нов текст), со усогласен текст на Спогодба и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за фитосанитарна соработка.

2. Го овласти министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Трајан Димковски, да ја потпише Спогодбата помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за фитосанитарна соработка.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со состојбата со концесиите во околината на село Лабуништа, Општина Струга, со предлог-одлуки и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–варовник на локалитетот „Краста“ с.Лабуништа, Општина Струга (нов текст), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–габро на локалитетот „Стрижак“ с.Лабуништа, Општина Струга (нов текст), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–варовник на локалитетот „Градиште”, Општина Струга (нов текст), во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина –варовник на локалитетот „Краста“ с.Бороец, Општина Струга (нов текст), во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина –варовник на локалитетот „с.Бороец”, Општина Струга (нов текст), во предложениот текст.

## <u>Точка 24</u>

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на новиот текст на Информацијата во врска со состојбата со концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с. Долно Коњаре“, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## <u>Точка 25</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од издавање на Писмо без приговор за Предлог-проекти за формирање на регионален еквити климатски фонд и Техничка помош за воспоставување на фондот преку Зелениот климатски фонд, ја усвои Информацијата и го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, како назначен претставник за комуникација со Зелениот климатски фонд- Focal Point, да го потпише Писмото без приговор за Предлог- проекти за формирање на регионален еквити климатски фонд и Техничка помош за воспоставување на фондот преку Зелениот климатски фонд и во рок од една недела по усвојувањето на оваа информација истото да го достави до Зелениот климатски фонд и подносителите на предлог-проектите.

## <u>Точка 26</u>

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „Одлучна поддршка" во Исламската Република Авганистан.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/20 на Советот од 13 јануари 2020 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП)2019/1341 на Советот од 8 август 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/117 на Советот од 27 јануари 2020 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Тунис (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Барањето на Бинас Сарач Адемоска за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Барањето на Ајтен (Сарач Шентурк) Адемоска за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на фискалната транспарентност поврзана со кризата КОВИД-19 (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Бирото за јавни набавки во рок од пет работни дена да направи промени во модулот за известување за склучен договор каде би се обележале набавките дали се поврзани со кризната состојба предизвикана од КОВИД-19.

2. Се задолжува Бирото за јавни набавки во рок од пет работни дена да направи промени во модулот на ЕСЈН за квартална евиденција за јавните набавки со вредност под вредносните прагови од членот 40, став (1) од Законот за јавни

набавки каде би се обележале набавките дали се поврзани со кризната состојба предизвикана од КОВИД-19.

3. Се задолжува Бирото за јавни набавки во рок од пет работни дена да обезбеди веб - сервис со кој ќе ги експонира податоците за набавките поврзани со набавките објавени поради кризната состојба.

4. Се задолжуваат, односно им се укажува на договорните органи кои веќе објавиле склучени договори поврзани со кризната состојба предизвикана од КОВИД-19 во рок од пет работни дена да испратат известување до Бирото за јавни набавки за договорите од таков тип кои веќе ги објавиле, за Бирото да му овозможи на договорниот орган соодветно да ги обележи дека се постапки предизвикани поради кризната состојба од КОВИД-19.

5. Се задолжуваат, односно им се укажува на договорните органи кои направиле интервентни и итни јавни набавки поврзани со КОВИД-19 кризата во рок од седум работни дена да ги внесат податоци во Известување за доброволна претходна транспарентност во системот на ЕСЈН.

6. Се задолжуваат, односно им се укажува на сите договорни органи да ги почитуваат основните принципи и континуирано да објавуваат податоци и информации за постапки по итност. Заклучокот да се објави на веб-страницата на Бирото за јавни набавки, во рок од два работни дена.

7. Се задолжуваат сите министерства и сите органи на државната управа во состав на министерствата, како и самостојните органи на државната управа кои примиле нефинансиски донации, во рок од пет работни дена истите да ги внесат преку административниот панел што ќе биде овозможен во рамките на надградбата на веб-страницата koronavirus.gov.mk и во иднина истите да продолжат да ги внесуваат.

8. Се задолжува Министерство за финансии во рок од три работни дена да обезбеди пристап до електронските изводи од трезорските сметки на Министерство за здравство и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија на кои се прибираат средствата од донации за справување со кризата КОВИД-19.

9. Се задолжува Министерството за финансии во рок од три дена да подготви изјава за согласност за објавување на личните податоци на донаторите – физички лица, како анекс на Договорот за доделување на средства по основ на донација, со цел согласност за објавување на нивните лични податоци.

10. Се задолжува Кабинетот на министерот за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски изработената веб апликација за фискална транспарентност КОВИД-19 во рок од два дена да ја достави до сите министерства и органите во состав, како и самостојните органи на државната управа, кои

прибираат средства од донации за  КОВИД-19 и до Секторот за односи со јавноста во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

11. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија  - Секторот за односи со јавноста во рок од три работни дена по добивањето на апликацијата за фискална транспарентност Ковид-19 истата да ја вклопи и да стане составен дел на веб страната www.coronavirus.gov.mk.

**Точка 32**

Владата ги разгледа Предлог - уредбата со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба и Предлог-уредбата со законска сила за финансиска поддршка на уметници и други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна состојба и ги донесе уредбите со заклучок Министерството за култура да ги усогласи истите со Секретаријатот за законодавство и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во однос на обезбедување на потребните  средства за финансиска поддршка, со тоа што истите да се обезбедат од фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID -19 .

Соодветно на ова, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја измени Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 33**

Владата ги разгледа Предлог - уредбата со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба и Предлог-уредбата со законска сила за финансиска поддршка на уметници и други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна состојба и ги донесе уредбите со заклучок Министерството за култура да ги усогласи истите со Секретаријатот за законодавство и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во однос на обезбедување на потребните  средства за финансиска поддршка, со тоа што истите да се обезбедат од фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID -19 .

Соодветно на ова, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја измени Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 34**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.7/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), функционалноста и начинот на користење на информацискиот систем за градежно земјиште бр.42-7874/1 од 26.10.2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.198/2016) и притоа го утврди следното мислење

Во Иницијативата се оспорува Уредбата за минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), функционалноста и начинот за користење на информацискиот систем за градежно земјиште бр.42-7874/1 од 26.10.2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр.198/2016), во смисла дека не постоело овластување за донесување на истата и истата не била во согласност со членот 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Меѓутоа, подносителот во иницијативата всушност ги цитира одредбите од членот 46 став 11 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016), кој гласи „градежното земјиште сопственост на Република Македонија, на кое има изградено објекти кои не се запишани во јавната книга за запишување на правата на недвижностите и за кои не е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти или е донесено решение со кое се одбива барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти е предмет на отуѓување и давање под закуп по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба, по претходно донесено правосилно решение за негово отстранување, доколку купувачот, односно закупецот на градежното земјиште преземе обврска со договорот за отуѓување, односно долготраен закуп да го отстрани објектот“, а не одредбите од ставот 13 од истиот член, врз основа на кој е донесена оспорената Уредба.

Имено, непосредно пред донесувањето на Уредбата донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142 од 1.8.2016 година), со кој е извршена измена на членот 46 од овој закон, при што е додаден нов став 4, додека горецитираниот став станува став 11, а ставот 12 станува став 13, согласно кој е донесена оспорената Уредба.

Врз основа на овие измени, членот 46 став 13 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/2015, 98/2015, 193/2015,

226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016) гласи „минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), како и функционалноста и начинот на користење на информацискиот систем од ставот (12) на овој член ги пропишува Владата на Република Северна Македонија по предлог на министерот.“

Имајќи го предвид, погоренаведеното, произлегува дека подносителот на Иницијативата, наместо член 46 став (13) од Законот за градежно земјиште, го цитирал член 46 став (11) од истиот Закон, кој не претставува основ за донесување на оспорената Уредба и согласно истиот не е содржано овластување за донесување на истата.

Оттука, неспорно е дека оспорената Уредба е објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 198/16 од 29.10.2016 година и дека истата е донесена врз основа на член 46 став (13) од Законот за Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016). При тоа, се укажува дека од член 46 став (13) од Законот произлегува овластувањето на Владата на Република Северна Македонија да ги пропише минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), како и функционалноста и начинот на користење на информацискиот систем за градежно земјиште.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Уредбата за минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), функционалноста и начинот за користење на информацискиот систем за градежно земјиште бр.42-7874/1 од 26.10.2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр.198/2016) е во согласност со Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016) и со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на Уредбата.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.21624 за КО Кучково на КП бр.4049 викано место/улица Бунариште и по Понудата, го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Цветановска од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2019 за КО Младо Нагоричане и по Понудата, го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 38

1. Владата го разреши Благој Гелевски од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, на негово барање.

2. Владата го разреши Проф. Беким Фетаи од должноста член на Одборот за акредитација на високото образование, на негово барање.

3. Владата ја разреши Проф. д-р.Зорица Божиновска Лазаревска од должноста вршител на должноста член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, на нејзино барање.

4. Владата ја разреши Ардијана Исахи Палоши од должноста член на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации, на нејзино барање поради избор на друга функција.

5. Владата ја разреши Маја Аргировска од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, на нејзино барање.

6. Владата на Дејан Стојанов, разрешен од должноста член на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 9 месеци, за период од 11.7.2017 година до 11.4.2018 година.

## Точка 39

**1.** Владата го одложи од разгледување Барањето согласност за ангажирање на посебни советници и кабинетски службеници во Кабинетот на дополнителниот заменик министер во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за наредната седница на Владата.

**2.** Владата го разгледа Предлогот за изменување на Решението за именување на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и донесе Решение за разрешување и именување членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, со кое:

1. Од должноста членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, ги разреши:
- д-р Донка Барџиева-Трајковска
- Елеонора Новаковска и
- проф. д-р Сашо Коруновски.

1.1. За членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, ги именува:
- д-р Јулија Тричковска
- Горан Патчев и
- Ана Петровска.

**Точка 40**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерството за финансии за сметка на основен буџет (637), сметка на основен буџет (631) и сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии да пристапи кон подготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерството за финансии за сметка на основен буџет (637), сметка на основен буџет (631) и сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 41**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на институционални капацитети на единките корисници на судска власт за реализација на надлежностите, за период 2016-2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда во соработка со Судскиот совет на Република Северна Македонија, Судски буџетски совет и Министерството за финансии, да пристапат кон подготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на институционални капацитети на единките корисници на судска власт за реализација на надлежностите, за период 2016-2018 година и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија

**Точка 42**

Владата го разгледа Тромесечниот извештај за финансиското работење на ЈПВ Лисиче-Велес, за јануари - март 2020 година, како материјал за информирање, со укажување да се преземат мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период.

**Точка 43**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за април 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија за 2017 година, како материјал за информирање (без заклучокот содржан во неа).

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со примената на Законот за прекршоците, како материјал за информирање .

**Точка 47**

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2019 година на Национален координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал–Биро за јавна безбедност, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има во предвид мислењето на Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 48**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за ограничување на собирање во групи за време на вонредна состојби, поради потребата Министерството за внатрешни работи да го усогласи текстот на Предлог-уредбата со Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 49**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за возила за време на вонредна состојба, за седницата на Владата што ќе се одржи на 27.5.2020

година, поради потребата текстот на Предлог-уредбата да се усогласи со Министерството за економија.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за вработувањата во следните установи: 1.НУ Охридско лето - Охрид 2.НУ Центар за култура - Битола 3.ЈУ Универзална сала - Скопје 4.ОУ Дом на културата Злетовски рудар - Пробиштип 5.ЈОУ Градска библиотека Борка Талески - Прилеп и заклучи Министерството за финансии врз основа на финансиските средства на Министерството за култура за оваа намена да издаде согласност за горенаведените вработувања.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска